# АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ




Административната безбедност на класифицираните информации се презема со цел да се обезбеди нивна законска, ефикасна и целосна заштита при ракување со истите, како и да се намалат или елиминираат евентуалните ризици од неовластен пристап и ракување од страна на неовластени лица.
Административната безбедност на класифицираните информации се презема од моментот кога се донесува одлука за класифицирање на информациите и трае се до моментот на нивното физичкото уништување.

Информациите што се предмет на класификација и коишто се заштитуваат со еден од законски определените степени на класификација се од сферата на: одбраната, јавната безбедност, надворешните и внатрешните работи (безбедносни, разузнавачки и контраразузнавачки активности на органите на државната управа на Република Македонија) и сè она што е поврзано со опстојувањето на државата, а е предмет на интерес на лица или на организации што вршат разузнавачки активности и активности што би можеле да го загрозат опстојувањето на државата.



Поради широката област што се покрива со класификацијата на информациите не е можно да се изработи прецизна листа на информации коишто би биле предмет на класификација и со кој степен тие би се класифицирале. Класификацијата на информациите зависи од нивната чувствителност и вредност.
Изготвувач - создавач на класифицирани информации може да биде секое лице коешто поседува соодветен безбедносен сертификат и кое согласно неговите работни обврски и задачи има потреба да создава т.е. ракува со класифицирани информации.

Лицата што ракуваат со класифицираните информации (создавачи и корисници) согласно Законот за класифицирани информации преземаат мерки и активности за административна безбедност секаде каде има потреба да се ракува и да се чуваат класифицирани информации.

ИНФОЛИСТ



Мерките и активностите за административна безбедност на класифицираните информации се превземаат од страна на државните органи, јавните установи и служби, органите на единиците на локалната самоуправа и други правни и физички лица со цел обезбедување заштита и законско ракување со класифицираните информации како и:

- правилно да го утврдат и обележат степенот на класифицираните информации;
- навремено да ги примат и евидентираат во книгите на евиденција;
- да обезбедат нивно правилно чување и ракување;
- да извршат правилна десеминација-(натамошно распоредување), изготвување на копии, преводи и извадоци и остварување на контрола на дистрибуција до крајните корисници согласно принципот **ПОТРЕБНО Е ДА ЗНАЕ**;
- да спречат и пријават секаков обид за неовластено ракување од страна на неовластени лица;
- да извршат правилен одбир на архивската граѓа како и отстранување и уништување на одбраниот материјал за тоа.

Правилната примена на мерките и активностите на административната безбедност во голем дел ќе овозможи намалување на ризикот на неовластено откривање на класифицираните информации, како и полесно откривање на лицето кој ја објавил или нарушил безбедноста на класифицираната информација.

**Информацијата којашто е одредена со степен на класификација нема да се смета за класифицирана информација ако со неа се прикрива кривично дело, пречекорување или злоупотреба на функцијата или на некој друг законски акт или постапка.**

***ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ***
***ТЕЛ: 02/3299-820; ФАКС: 02/3299-829***
***e-mail: direkcija@dbki.gov.mk***
***web: www.dbki.gov.mk; www.nsa.gov.mk***